Влада на Република Северна Македонија

**<u>Н А Ц Р Т</u>**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 27 мај 2025 година**

**Скопје, јуни 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 27 мај 2025 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше проф д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 како и како и Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство.

На седницата присуствуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, порпароли на Владата на Република Северна Македонија, Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Дејан Кошутиќ, директор на Железници на Република Северна Македонија, транспорт – Скопје и нотар Методија Ристовски.

Од седницата отсуствуваа, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини и д-р Арбен Таравари, министер за здравство.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од Седумдесет и четвртата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 мај 2025 година

1. Годишна програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука

2. Информација за План на активности за акумулацијата Младост со финансиска конструкција за негова реализација, со прилог Табеларен преглед

3. Информацијата во врска со инвестициски проект за „Обнова на возниот парк” на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје

4. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Институтот за акредитација на Република Македонија, со Предлог – одлука

5. Информација за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Друштвото за производство, трговија и услуги В и Е експорт-импорт ДООЕЛ Штип по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела број 1.1 кое има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела за градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое претставува КП.бр. 4/3 КО Таринци согласно Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаици, место викано Црковци КО Таринци, КО Карбинци-Вон Град, Општина Карбинци, со Тех.бр. У-25/22 од ноември 2022 година одобрен од страна на градоначалник на Општина Карбинци со Решение бр. УП.I.бр.11-77 од 12.1.2023 година, за изградба на објект од јавен интерес со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани, со Предлог-одлука

6. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија Ани-енергетик ДОО Тетово

7. Предлог – одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

8. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите

9. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–кварцит на локалитетот „Црн Врв“, Општина Пробиштип и Општина Кратово 1/2024 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/24), со Предлог–одлука

10. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди и други несреќи во периодот од 9 ноември 2024 до 3 април 2025 година

11. Предлог – програма за изменување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 година

12. Информација за реализација на донација на 300 (триста) пара војнички чизми на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија од Министерството за национална одбрана на Република Турција, со усогласен текст на Протокол за донација

13. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Balkan Warrior 25“, со Предлог-одлука

14. Извештај за завршени преговори за склучување на Протокол за донација помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Обединетото Кралство (за Военa полиција) и Протокол за донација помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Обединетото Кралство (за Криволак), со усогласен текст на протоколи

15. Предлог – одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО активноста „Forward Land Forces – FLF“, во Република Бугарија

16. Предлог – одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО активноста „Forward Land Forces - FLF“, во Република Романија

17. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Joint Cooperation 25“, во Сојузна Република Германија

18. Предлог – одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Adriatic Strike 25“, во Република Словенија

19. Предлог – одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Steadfast Interest CI 25-1“, во Бремен, Сојузна Република Германија

20. Предлог – одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во академската 2025/2026 година

21. Предлог – одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид во академската 2025/2026 година

22. Предлог – одлука за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2025/2026 година

23. Предлог – статутот на Агенцијата за пошти (I фаза)

24. Иницијатива од Адвокатското друштво Георги Димитров адвокати од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ.бр.27/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредби од Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 268/24 ), донесен од Владата на Република Северна Македонија

25. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 5317, КО Ѓорче Петров 3 - Дексион, на КП бр. 10273, викано место/улица „Ул.7“

26.Кадровски прашања

27. Прашања и предлози

28. Програма за работа на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за 2025 година

29. Информацијата за Програмски документ за Република Северна Македонија за период 2026-2030 година на Фондот за население на Обединетите нации – УНФПА, со прилог

30. Информација за Програмски документ за Република Северна Македонија за период 2026-2030 година на Фондот за деца на Обединети нации – УНИЦЕФ, со Програмски документ и План за евалуација

31. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа

32. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти

33. Предлог – уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година

34. Информација за Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, со усогласен текст на Оперативен план

35. Информација во врска со потребата од прибавување на дополнителни докази од Град Скопје за потребите на арбитражната постапка FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31) пред Меѓународниот центар за решавање на Инвестициски спорови (ICSID), со прилози

36. Информација за статусот на реализација на предусловите за ИПА проектот „Приклучување на Виница со ПСОВ Кочани со делумна рехабилитација и проширување на канализационите и атмосферските системи во Општина Виница“

37. Информација за статусот на реализација на проектот „Затворање на непрописни депонии и ѓубришта во Источен и Североисточен регион“

38. Предлог на закон за електронските комуникации (*)

39. Предлог на закон за безбедност на мрежни и информациски системи (*)

40. Информација за одобрување на изменување и дополнување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, Делница на автопат: Гостивар-Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (км 0+000–км 14+700) (Измена бр.2), со Предлог-одлука

41. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност, по скратена постапка

42. Информација за потребата од обезбедување на административен простор за потребите на Министерството за култура и туризам и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

43. Повик за свикување на Годишното собрание на Македонски телеком АД – Скопје, што ќе се одржи на 30 мај 2025 година, со почеток од 10 часот

44. Предлог – програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2025 година

45. Информација за обезбедување на медицински авионски транспорт за пациентот Андреј Нисев од Грац, Австрија до Скопје, Република Северна Македонија

46. Информација за условите за повлекување на втората транша од Макро - финансиска поддршка од Европската Унија во вкупна вредност до 50 милиони евра

47. Предлог - фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2026 - 2030 година

48. Информација за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија и Министерството за јавна администрација на Црна Гора во областа на реформа на јавната администрација, со усогласен текст на Меморандум

49. Информација во врска со одржување Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 30.5.2025 година

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Седумдесет и четвртата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 мај 2025 година

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје за 2025 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за План на активности за акумулацијата Младост со финансиска конструкција за негова реализација, со прилог Табеларен преглед.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да направи изменување на Програмата за водостопанство за 2025 година, во која ќе се предвидат потребните финансиски средства, во износ од шест милиони денари, за реализација на планираните активности за акумулацијата Младост.

Исто така, предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање, како надлежно министерство на Јавното претпријатие.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со инвестициски проект за „Обнова на возниот парк” на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје и притоа заклучи:
Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и директорот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје да ја утврдат конечната стратегија за реализација на овој инвестициски проект, да подготват физибилити студија/бизнис план, анализа на трошоци и придобивки во врска со Проектот и истите да ги достават до Министерството за финансии.

Истовремено, потребно е предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на Статутот на Институтот за акредитација на Република Македонија, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на статутот на Институтот за акредитација на Република Македонија.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Друштвото за производство, трговија и услуги В и Е експорт-импорт ДООЕЛ Штип по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела број 1.1 кое има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела за градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое претставува КП.бр. 4/3 КО Таринци согласно Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаици, место викано Црковци КО Таринци, КО Карбинци-Вон Град, Општина Карбинци, со Тех.бр. У-25/22 од ноември 2022 година одобрен од страна на градоначалник на Општина Карбинци со Решение бр. УП.I.бр.11-77 од 12.1.2023 година, за изградба на објект од јавен интерес со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија Ани-енергетик ДОО Тетово.

**Точка 7**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог – одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Даниела Иротова-

Лазарева, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јордан Здравковски, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Текстот на Законот е утврден со еден глас воздржан.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–кварцит на локалитетот „Црн Врв“, Општина Пробиштип и Општина Кратово 1/2024 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/24), со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–кварцит по Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–кварцит на локалитетот „Црн Врв“, Општина Пробиштип и Општина Кратово 1/2024.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди и други несреќи во периодот од 9 ноември 2024 до 3 април 2025 година и согласно расправата на седницата на Владата ја усвои со следните заклучоци:

1. Обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија на следниве општини и тоа:

1.1. На Општина Пробиштип за природна непогода град на 24.6.2024 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 7.973.054,00 денари.

1.2. На Општина Битола за природна непогода град и поплава на 27.5.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 37.556.045,00 денари;

1.3. На Општина Дебрца за природна непогода град, проследен со силен ветер на 24.6.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 164.931.631,00 денари;

1.4. На Општина Кривогаштани за природна непогода град на 24.8.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 10.886.100,00 денари;

1.5. На Општина Ранковце, за штетата од природна непогода поплава на 17.6.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 107.000,00 денари;

1.6. На Општина Ранковце, за штетата природна непогода пожар предизвикан од удар на гром на 1.7.2024 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 1.415.133.00 денари;

1.7. На Општина Јегуновце, за штетата природна непогода поплава на 23.6.2024 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 18.279.632,00 денари;

1.8. На Општина Богданци за природна непогода град на 7.3.2024 и 12.3.2024 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 1.371.000,00 денари;

1.9. На Општина Крива Паланка за природна непогода дожд и поплава на 4.6.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 526.200,00 денари;

1.10. На Општина Крушево за природна непогода град на 24.8.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 7.339.000,00 денари;

1.11. На Општина Неготино за природна непогода дожд, град и ветер во форма на торнадо на 16.8.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 4.452.354,00 денари;

1.12. На Општина Чаир за природна непогода поплава на 31.8.2022 и 1.9.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 40.474.500,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви предлог-одлуки за парична помош од Буџетот, согласно заклучокот од точките 1.1 до 1.12.

3. Се укажува на општините согласно заклучокот од точки 1.1 до 1.12, пропорционално со процентот кој го одреди Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства да достават детален извештај за распределените средства за настанатата штета до Владата.

4. Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината за штетата од елементарни непогоди да ги информира општините од точките 5.1-5.5 (Велес, Берово, Струмица, Кочани и Теарце) дека нема законска надлежност да постапува по предметите поради изминати законски рокови, согласно член 143 од Законот за заштита и спасување.

5. Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината за штетата од елементарни непогоди да ги информира општините од точките 4.1 и 4.2 (Шуто Оризари и Македонски Брод) дека нема надлежност за постапување.

**Точка 11**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 година.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на донација на 300 (триста) пара војнички чизми на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија од Министерството за национална одбрана на Република Турција, со усогласен текст на Протокол за донација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот за донација помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за национална одбрана на Република Турција.

2. Се овластува Крсте Малинковски, директор на Директоратот за меѓународна соработка во Министерството за одбрана, по овластување, да го потпише Протоколот за донација помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за национална одбрана на Република Турција.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Balkan Warrior 25“, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Balkan Warrior 25“.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии -Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки, согласно своите надлежности утврдени со закон, за непречено преминување на државната граница и ослободување од

процедури за движење и транспорт на персоналот и материјално - техничките средства, на странските вооружени сили на Република Грција на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии -Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице за координација со Министерството за одбрана, во врска со преземање на активностите за подготовка за изведување на вежбата на командно место и за истото да го известат Министерството за одбрана, во рок од три дена.

**Точка 14**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Протокол за донација помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Обединетото Кралство (за Воена полиција) и Протокол за донација помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Обединетото Кралство (за Криволак), со усогласен текст на протоколи и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот за донација помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Обединетото Кралство (за Воена полиција) и Протоколот за донација помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Обединетото Кралство (за Криволак).
2. Се овластува Крсте Малинковски, директор на Директоратот за меѓународна соработка во Министерството за одбрана, по овластување, да го потпише Протоколот за донација помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Обединетото Кралство (за Воена полиција) и Протоколот за донација помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Обединетото Кралство (за Криволак).

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО активноста „Forward Land Forces – FLF“, во Република Бугарија.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО активноста „Forward Land Forces - FLF“, во Република Романија.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Joint Cooperation 25“, во Сојузна Република Германија.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Adriatic Strike 25“, во Република Словенија.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Steadfast Interest CI 25-1“, во Бремен, Сојузна Република Германија.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во академската 2025/2026 година.

**<u>Точка 21</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид во академската 2025/2026 година.

**<u>Точка 22</u>**

Владата ја донесе Одлуката за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2025/2026 година.

**<u>Точка 23</u>**

Владата го одложи од разгледување Предлог – статутот на Агенцијата за пошти (I фаза) поради потребата Министерството за транспорт да подготви и до Владата да достави заедничкото мислење подготвено во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 24</u>**

Владата ја одложи од разгледување Иницијативата од Адвокатското друштво Георги Димитров адвокати од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У3.бр.27/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредби од Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 268/24 ), донесен од Владата на Република Северна Македонија, поради потребата Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави заедничко/обединето мислење подготвено во соработка со Министерството за финансии и Секретаријат за законодавство.

**<u>Точка 25</u>**

Владата ја симна од Дневен ред Понудата од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5317, за КО Ѓорче Петров 3-Дексион, на КП бр.10273, викано место/улица „Ул.7“, имајќи предвид дека истата е разгледана на Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 мај 2025 година.

**<u>Точка 26</u>**

1. Владата го избра Борислав Радевски за член на надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД Скопје, во државна сопственост.

2. Владата даде согласност на Одлуката бр.0201-176/2 од 17.3.2025 година на Советот на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, со која од должноста директор на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, се разрешува проф .д-р Скендер Асани, на негово барање.

2.1 Владата даде согласност на Одлуката бр.0201-263/5 од 15.4.2025 година на Советот на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, со која за вршител на должноста директор на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, се именува проф.д-р Бесник Емини.

3. Владата го разреши Фикрет Хоџа од должноста вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Битола.

3.1 Владата го именува Фикрет Хоџа за заменик на директорот на КПУ Затвор Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

4. Владата ја разреши Маја Ковачева од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за лекови и медицисннки средства.

4.1 Владата ја именува Маја Ковачева за заменик на директорот на Агенцијата за лекови и медицисннки средства и истовремено и утврди коефициент за пресметување на платата.

5. Владата го разреши Сефедин Јонузи од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за лекови и медицински средства.

6. Владата го разреши Зоран Бајовски од должноста вршител на должноста директор на Дирекцијата за радијациона сигурност.

6.1. Владата го именува Зоран Бајовски за директор на Дирекцијата за радијациона сигурност и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

7. Владата го разреши Ерол Абдиу од должноста заменик на директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола.

8. Владата го разреши Иљбер Незири од должноста заменик на директорот на Казнено поправната установа Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка.

9. Владата го разреши Гарип Каба од должноста вршител на должноста заменик – директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии.

10. Владата ја разреши Шпреса Селими од должноста заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука.

11. Владата го именува Бобан Малинов за член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

12. Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија.

13. Владата го именуваше Салим Сулејмани за специјален претставник на Владата на Република Северна Македонија за земјите од Арапскиот (Акапски) Залив.

14. Владата ја именуваше Ирена Рибарски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Штип.

15. Владата ја разреши Александра Гичевска од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Кочо Рацин"- Битола, на нејзино барање.

15.1 Владата ја именува Теодора Спасеноска за член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Кочо Рацин"- Битола.

16. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Крушево, ги разреши:

- Тодор Златески
- Сотираки Чакалар
- Еркан Ајдароски

16.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Крушево, ги именува:

- Никола Пејчиноски
- Методија Котески
- Наташа Папакоча

17. Владата од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид, поради истек на мандатот го разреши:

- Нефи Усеини

17.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид, ги именува:

- Марија Раткушиновска Бимбилоски
- Магдалена Билбилоска
- Соња Недеска

18. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, поради истек на мандатот ги разреши:

- Соња Глинчарска
- Татјана Арсовска
- Нехат Хусеини

18.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, ги именува:

- Антонијо Стојановски
- Ќамил Хаџиу

- Шехат Кека

19. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струга, поради истек на мандатот ги разреши:

- Ивана Јовановска Ристовски
- Мартин Лазаровски
- Мартин Ѓутески

19.1 Владата за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струга, ја именува:

- Билјана Ќелешоска
-

20. Владата за член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Ресен, ја именува:

- Венера Асани Насуфоска

21. Владата за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, го именува:

- Феми Алили

22. Владата за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово, ја именува:

- Емине Шерифи

23. Владата од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Валандово, стручен работник од центарот за социјална работа, го разреши:

- Драги Горгиев

23.1 Владата за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Валандово, стручен работник од центарот за социјална работа, ја именува:

- Илина Гичевска

24. Владата од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани, стручен работник од центарот за социјална работа, ја разреши:

- Жана Донева

24.1 Владата за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани, стручен работник од центарот за социјална работа, ја именува:

- Сања Андонова

25. Владата од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар, стручен работник од центарот за социјална работа, ја разреши

- Јасмина Цветановска

25.1 Владата за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар, стручен работник од центарот за социјална работа, се именува:

- Сања Дранговска

26. Владата од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод , стручен работник од центарот за социјална работа, ја разреши:

- Зорица Матеска

26.1 Владата за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, стручен работник од центарот за социјална работа, го именува:

- Мевљудин Амчоски

27. Владата за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, претставник од Советот на општината, ја именува:

- Наташа Смилкова

28. Владата за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола, од редот на корисниците предложен од Советот на корисници, го именува:

- Јове Тренчевски.

29. Владата за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, стручен работник од центарот за социјална работа, ја именува:

- Хамиде Бајрами

30. Владата за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, од редот на корисниците предложен од Советот на корисници, ја именува

- Весна Петридова

31. Владата од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струга, стручен работник од центарот за социјална работа, ја разреши

- Вјолца Даути, на нејзино барање.

31.1 Владата за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струга, стручен работник од центарот за социјална работа, го именува:

- Башким Башкими

32. Владата од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово- претставник на основачот, ја разреши Ирина Николоска Петроска.

33. Владата од должноста членови на Орган за надзор на ЈУ Детски дом „11 Октомври“, ги разреши:

- Александар Николов
- Висар Брути
- Владимир Тодоровски

33.1 Владата за членови на Орган за надзор на ЈУ Детски дом „11 Октомври“, ги именува:

- Сашо Поп Илиоски
- Александра Христова

34. Владата од должноста членови на Орган за надзор на ЈУ Специјален завод- Демир Капија, ги разреши:

- Марија Андонова Ристова
- Стефанија Соколовиќ
- Даниела Каранфилова
-

34.1 Владата за член на Орган за надзор на ЈУ Специјален завод- Демир Капија, ја именува:

- Марија Катарова

35. Владата од должноста членови на Орган за надзор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола, ги разреши:

- Елена Дуковска Димовска
- Билјана Лукиќ
- Јасмина Петровска

35.1 Владата за членови на Орган за надзор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола, ги именува:

- Катерина Петровска
- Сашо Маурдевски

36. Владата од должноста членови на Орган за надзор на ЈУ за згрижување деца со воспитно - социјални проблеми и нарушено поведение, ги разреши:

- Неџмија Саитова
- Левент Демир
- Жанета Ќосе

36.1 Владата за членови на Орган за надзор на ЈУ за згрижување деца со воспитно - социјални проблеми и нарушено поведение, ги именува:

- Ивица Весов
- Марија Петковска

37. Владата од должноста членови на Орган за надзор на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, ги разреши:

- Александар Нечев
- Зоран Чивчиев
- Билјана Златески

37.1 Владата за членови на Орган за надзор на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, ги именува:

- Костадинка Илиева
- Коста Тодоров

38. Владата од должноста членови на Орган за надзор на ЈУ Завод за социјални дејности, ги разреши:

- Зоран Новески
- Теодора Ристеска
- Богдан Тренковски

38.1 Владата за членови на Орган за надзор на ЈУ Завод за социјални дејности, ги именува:

- Оливер Митревски
- Анета Маневска
- Асдрен Челику

39. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за социјални дејности ги разреши:

претставници на основачот
- Ерол Рахим
- Валентина Маневска

од редот на стручните работници во установата
- Соње Николовска
- Владимир Дуковски

39.1 Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за социјални дејности , ги именува:

претставници на основачот
- Наташа Лазова Анчевска
- Сашо Јовчевски

од редот на стручните работници во установата
- Васка Камчева
- Даниела Станојковска

40. Владата од должноста членови на Орган за надзор на ЈУ за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил", ги разреши:

- Миодраг Мреновиќ
- Ана Марија Павиќ
- Анкица Трајковска

40.1Владата за членови на Орган за надзор на ЈУ за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил", ги именува:

- Катерина Глигорова Милошевска
- Бејтула Керими

41. Владата од должноста членови на Орган за надзор на ЈУ Детско одморалиште „Илинден "- Гостивар ги разреши:

- Елена Наумчевска
- Бојан Зафироски
- Ермира Билали

41.1Владата за член на Орган за надзор на ЈУ Детско одморалиште „Илинден "- Гостивар, го именува:

- Владица Максимовски

**<u>Точка 27</u>**

**1**.Владата на предлог на Министерството за европски прашања, а во насока на доследна примена и обезбедување на целосна координација, информираност и усогласеност на институциите кои се надлежни за спроведување на чекорите предвидени во Реформската агенда повторно ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за јавна администрација, Министерството за економија и труд, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за образование и наука, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии – Царинска управа, Министерството за финансии – Биро за јавни набавки, Агенцијата за управување со одземен имот и Фондот за иновации и технолошки развој, а и укажа на Комисијата за заштита на конкуренција, во комуникацијата со Делегацијата на Европската Унија во Скопје и другите меѓународни организации и дипломатски претставништва, за активности поврзани со реализација на чекорите од Реформската агенда, вклучително и барање соодветна техничка или финансиска помош, задолжително да ги вклучат Министерството за европски прашања, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**2**.Владата по Известувањето за изменување на Заклучок бр.4, Точка 37 од Нацрт – записникот од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 мај 2025 година, кој гласи:

„4. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичен број и до 31.12.2025 година да го достави до Владата.", заклучи истиот да се измени и да гласи:

„4. Се задолжува Министерството правда да изготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичен број и до 31.12.2025 година да го достави до Владата."

**3.**Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката бр.41-13810/3 од 23.12.2023 година за одобрување на средства во износ од 600.000.000 денари на посебна сметка на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за организирање на Фонд за енергетска ефикасност како посебна организациона единица, ја усвои и ја задолжи Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, до Владата да достави информација за статусот за организирање на Фонд за енергетска ефикасност како

посебна организациона единица во Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, согласно одобрените средства во износ 600.000.000 денари на посебна сметка на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, како и за состојбата на средствата.

**4**.Владата го разгледа Барањето од Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари на подрачјето на РД Штип за изменување на заклучокот бр.2 и заклучокот бр.5 од Нацрт – записникот од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 декември 2024 година, по точка 39 Информација во врска со преземените активности за спроведување на постапката за продажба на имотот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар АД" од Куманово, со Предлог – одлука и заклучи да се разгледа на наредната седница на Владата, откако истото ќе се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**5**. Владата го разгледа Барањето за исполнување на обврски од Договорот за уредување на односите меѓу Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје и управителот на Друштвото од 9.2.2024 година и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, заклучи дека истото е неосновано.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за Програмски документ за Република Северна Македонија за период 2026-2030 година на Фондот за население на Обединетите нации – УНФПА, со прилог, како материјал за информирање.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за Програмски документ за Република Северна Македонија за период 2026-2030 година на Фондот за деца на Обединети нации – УНИЦЕФ, со Програмски документ и План за евалуација, како материјал за информирање.

**Точка 31**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

**Точка 32**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти и го утврди со следните заклучоци:
1.Во член 3 од Предлогот на закон да се додаде Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Крум Ефремов, директор во Министерство за надворешни работи и надворешна трговија.

**Точка 33**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, во смисла реализацијата и активностите во Уредбата, да бидат во рамки на одобрените средства во буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2025 година.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, со усогласен текст на Оперативен план, ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од прибавување на дополнителни докази од Град Скопје за потребите на арбитражната постапка FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31) пред Меѓународниот центар за решавање на Инвестициски спорови (ICSID), со прилози, ја усвои и го задолжи Министерството за внатрешни работи да испрати барање за прибавување на дополнителна документација од Градот Скопје (е-маил комуникација), која ќе послужи како доказ во арбитражната постапка FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31) пред Меѓународниот центар за решавање на Инвестициски спорови (ICSID), согласно наредбата од трибуналот (Procedural Order N0. 3— Document Production) од 26 март 2025 година и за истото да го информира заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт/претседавач на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на предусловите за ИПА проектот „Приклучување на Виница со ПСОВ Кочани со делумна рехабилитација и проширување на канализационите и атмосферските системи во Општина Виница“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт да го одобри Урбанистичкиот проект за овој ИПА проект, најдоцна до крајот на јуни 2025 година.

2. Се препорачува на општините Кочани, Виница и Чешиново-Облешево да ги поднесат сите предлози за експропријација поврзани со овој ИПА проект, најдоцна до 15 јуни 2025 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за имотно правни работи да ги земе како приоритет предметите за експропријација за овој ИПА проект и во соработка со општините Кочани,

Виница и Чешиново-Облешево да ја заврши целосно постапката за експропријација, најдоцна до крај на септември 2025 година.

4. Се препорачува на општините Кочани и Виница, да ја завршат Ревизијата на основните проекти, по одобрување на Урбанистичкиот проект, најдоцна до крај на јули 2025 година.

5. Се препорачува на општините Кочани и Виница, да ги комплетираат сите документи за издавање на одобрение за градба и да аплицираат до Министерство за транспорт, најдоцна до крај на август 2025 година.

6. Се задолжува Министерството за транспорт да издаде одобрение за градба за овој ИПА проект, најдоцна до ноември 2025 година.

7. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор за води, да издаде Водостопанска согласност, во рок од 15 дена од поднесувањето од страна на општините/Министерството за транспорт.

8. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, ИПА сектор, да го подготви Тендерското досие за овој ИПА проект и да го достави на одобрување до Сектор за централно финансирање и склучување на договори – Министерство за финансии, во јули 2025 година.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на проектот „Затворање на непрописни депонии и ѓубришта во Источен и Североисточен регион“ и заклучи:

-Се препорачува на Општина Берово, Општина Делчево, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип, Општина Штип, Општина Виница, Општина Чешиново-Облешево, Општина Карбинци, Општина Зрновце и Општина Свети Николе , во рок од две недели (најдоцна до 10 јуни 2025 година) да подготват и до Министерството за животна средина и просторно планирање да достават краток статус на изработка на урбанистичка документација.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 38**

Владата го разгледа Предлогот на закон за електронските комуникации (*) и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за правда.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за електронските комуникации (*), согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

**Точка 39**

Владата го разгледа Предлогот на закон за безбедност на мрежни и информациски системи (*) и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Министерството за финансии и Министерството за внатрешни работи.

2. Кореспондентните табели да се усогласат со Секретаријатот за законодавство.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за безбедност на мрежни и информациски системи (*), согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на изменување и дополнување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, Делница на автопат: Гостивар-Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (км 0+000–км 14+700) (Измена бр.2), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на изменување и дополнување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, Делница на автопат: Гостивар-Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (км 0+000–км 14+700) (Измена бр.2), со заклучок текстот на истата правно-технички и редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, потребно е предлагачот во прилог на материјалот да го достави и Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Гостивар-Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (км 0+000 - км 14+700) (Измена бр.2), со тех.бр.ППР.060-12-24 од мај 2025 година, изработен од Градежен институт „Македонија" А.Д. – Скопје.

**Точка 41**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност, по скратена постапка.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на административен простор за потребите на Министерството за култура и туризам и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, а се препорачува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, да склучат Анекс на Договорот за користење на недвижна ствар бр.УЗП 889/2025 од 17.2.2025 година, во кој точно ќе ја утврдат квадратурата на просторот кој е слободен и нема да се користи од страна на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, со цел истиот да се врати во владение на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост и да се запише во Јавната книга на недвижности, која се води во Агенцијата за катастар на недвижности.

2. Се препорачува на органите на управување на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, слободниот деловен простор од објектот на ул.„Македонија“ бр.27 – Скопје, кој е во сопственост на Друштвото, а кој се наоѓа на КП бр.13526/6, за КО Центар, запишан во Имотен лист бр.123364, да донесат одлука и склучат договор со Министерството за култура и туризам, со кој истиот ќе се даде на користење без надомест.

**Точка 43**

Владата го разгледа Повикот за свикување на Годишното собрание на Македонски телеком АД – Скопје, што ќе се одржи на 30 мај 2025 година, со почеток од 10 часот и притоа заклучи:

1. Се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа ЗА по однос на Процедуралниот дел од Дневниот ред на Годишното собрание на Македонски телеком АД-Скопје, што ќе се одржи на 30 мај 2025 година, со почеток во 10 часот и тоа за точките:

1)отворање на Собранието;
2) избор на претседавач;
3) избор на бројачи на гласови и
4) избор на записничар.

2.Се овластува Ружица Николовска, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија на Годишното собрание на Македонски телеком АД – Скопје, по однос на Работниот дел од Дневниот ред на Годишното собрание на Македонски телеком АД-Скопје, што ќе се одржи на 30 мај 2025 година, со почеток во 10 часот:

2.1.Да гласа ЗА по Точка 1: Предлог - одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2024 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“;

2.2.Да гласа ЗА по Точка 2: Предлог - одлука за усвојување на ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2024 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија";

2.3.Да гласа ЗА по Точка 3: Предлог - одлука за усвојување на ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2024 година во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување;

2.4.Да гласа ЗА по Точка 4: Предлог - одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2024 година;

2.5.Да гласа ЗА по Точка 5: Предлог - одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2024 година;

2.6.Да гласа ЗА по Точка 6: Предлог - одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2024 година и утврдување на дивиденден календар;

2.7.Да гласа Воздржано по Точка 7: Предлог - одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2024 година;

2.8.Да гласа ЗА по Точка 8: Предлог - одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Интерна ревизија и управување со ризици Hub на Друштвото за 2024 година;

2.9.Да гласа ЗА по Точка 9: Предлог - одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на финансиските извештаи на Друштвото за 2025 година и

2.10.Да гласа ЗА по точка 10: Предлог - одлука за отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото.

**Точка 44**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2025 година.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на медицински авионски транспорт за пациентот Андреј Нисев од Грац, Австрија до Скопје, Република Северна Македонија, ја усвои и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, со државниот воздухоплов да го организира транспортот на 28.5.2025 година, на медицински тим од Република Северна Македонија до Грац, Австрија и на медицинскиот тим, пациентот и двајца членови од семејството на пациентот од Грац, Австрија до Република Северна Македонија.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за условите за повлекување на втората транша од Макро - финансиска поддршка од Европската Унија во вкупна вредност до 50 милиони евра и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да подготви предлог на закон за јавно приватно партнерство (ЈПП) и предлог на закон за концесии и да ги достави до Владата, најдоцна до 30 јуни 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за економија и труд да подготви Стратегија за мали и средни претпријатија (2024-2030 година), вклучувајќи ги препораките на Актот за мали претпријатија на Европската Унија и да ги достави до Владата, најдоцна до 30 јуни 2025 година.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да ги подготви следните подзаконски акти од Законот за енергетска ефикасност и тоа уредба со која подетално се уредуваат договорите за енергетски услуги (став (7) , член 27 од Законот за енергетска ефикасност (ЕЕ)) и правилник за уредување на содржината и формата на програмите за енергетска ефикасност, кој треба да го усвојат единиците на локалната самоуправа и да ги достави до Владата, најдоцна до 31 мај 2025 година.

4. Се задолжува Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да ги преземе сите активности за формирање на Фондот за енергетска ефикасност, да подготви и усвои деловник за работа на Фондот за енергетска ефикасност, како и да започне со развивање листа на проекти, најдоцна до 30 јуни 2025 година.

5. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да подготви предлог на закон за изменување на Законот за енергетска ефикасност, усогласени со Директивата (ЕУ) 2018/2001 за енергетска ефикасност и во согласност со мислењето на Енергетската заедница и да го достави до Владата, најдоцна до 31 мај 2025 година.

6. Се задолжува Министерството за правда да подготви и најдоцна до 30 јуни 2025 година до Владата да достави нова ревидирана правна рамка за Судскиот совет, во согласност со европските стандарди и со препораките на Венецијската комисија, со цел понатамошно зајакнување на транспарентноста и независноста на Советот, вклучувајќи ги нејзините членови.

7. Се укажува на Државната комисија за спречување корупцијата, согласно препораките на ГРЕКО, да ги смени актите за организација и систематизација на работни места на Државната комисија за спречување корупцијата, со цел зголемување на бројот на обучен квалификуван персонал за најмалку пет лица со кој ќе се зајакнат надзорните надлежности на Државната комисија за спречување корупцијата за попродлабочено испитување на изјавите за интереси и на анкетните листови за пријавување имотна состојба, особено преку целосно операционализирање на веќе развиениот софтвер за собирање податоци за имотна состојба и зајакнување на капацитетите на постојниот персонал во согласност со надлежностите на Државната комисија за спречување корупцијата, најдоцна до 30 јуни 2025 година.

8. Се укажува на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција целосно да ја спроведе постапката за вработување најмалку пет јавни обвинители и десет финансиски експерти, основање на специјализирани одделенија и зголемување на бројот на проактивни истраги, најдоцна до 30 јуни 2025 година.

9. Се задолжува Министерството за финансии да подготви подзаконски акти за спроведување на новиот Закон за спречување перење пари (СПП) и финансирање на тероризам, вклучувајќи даватели на услуги поврзани со виртуелни средства и да ги достави до Владата, најдоцна до 30 јуни 2025 година.

**<u>Точка 47</u>**

Владата ја разгледа Предлог - фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2026 - 2030 година и заклучи:

1. Го усвои Основното сценарио и новите иницијативи за финансирање за периодот 2026-2030 година.

2. Ја донесе Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2026 – 2030 година (со анекс кој ги содржи максималните износи на одобрени средства (расходни лимити) по матични буџетски корисници).

3. Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2026 – 2030 година да се достави за разгледување до Собранието на Република Северна Македонија и до Фискалниот совет.

**<u>Точка 48</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија и Министерството за јавна администрација на Црна Гора во областа на реформа на јавната администрација, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија и Министерството за јавна администрација на Црна Гора во областа на реформа на јавната администрација.

2. Се овластува Горан Минчев, министер за јавна администрација, да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија и Министерството за јавна администрација на Црна Гора во областа на реформа на јавната администрација.

**<u>Точка 49</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 30.5.2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Заклучоците од оваа информација да се достават до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник  и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 30.5.2025 година, односно да гласа како што е утврдено во заклучокот бр.3 од оваа информација.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го извести Друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп за издаденото полномошно на претставникот на своите акции во Друштвото.

3. Го одобри начинот на гласање на Собранието од страна на својот претставник, по наведените точки од Дневниот ред, како што е наведено по наведените точки од Дневниот ред и тоа:

ДНЕВЕН РЕД:

Процедурален дел

1. Избор на работни тела на Собранието

а) Верификациона комисија од 3 члена

- По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог - одлука за избор на верификациона комисија. За оваа точка да се гласа „ЗА“.

 б)  Еден бројач на гласови

- По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог - одлука за избор на бројач на гласови. За оваа точка да се гласа „ЗА“.

2. Избор на претседавач на Собрание на акционери

- Во доставениот материјал дадена е Предлог - одлука за избор на претседавач на Собрание.
За оваа точка да се гласа „ЗА“.

Работен дел:

1. Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2024 година.

Да се гласа  „ЗА“,

2. Одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи за работата на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2024 година.

Да се гласа  „ЗА“,

3. Разгледување и усвојување на Извештајот од извршената ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД за деловната 2024 година.

Да се гласа  „ЗА“,

4. Одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори:

- предлог - одлуки за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп поединечно за следните членови: Александар Алексовски (извршен член), Зоран Петрески (извршен член), Афродитеа Настеска (извршен член), Сашко Вељаноски (неизвршен независен член), Александар

Кузманоски (неизвршен независен член), Гоце Николоски (неизвршен член) и Афродита Баталоска (неизвршен член).

Да се гласа „ЗА“,

5. Назначување овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД за деловната 2025 година.

- Предлог - одлука за назначување на овластен ревизор.

Да се гласа „ЗА“.

*

*            *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14.50 часот.